*Philological Studies 19, 2, (2021), 238-241* **Стручен труд**
**УДК: [821.163.3-31:821.163.41-31].09"20"(049.3)**
**DOI: 10.17072/1857-6060-2021-19-2-238-241**

# МАКЕДОНСКИОТ И СРПСКИОТ РОМАН НА ПРЕМИНОТ ВО НОВИОТ МИЛЕНИУМ (СПОРЕДБЕНИ АСПЕКТИ)
## (Зборник од трудови од Меѓународната работилница одржана во Институтот за книжевност и уметност во Белград, 23 - 24.10.2019 година, Скопје: Институт за македонска литература, стр. 178 )

**Дарин Ангеловски**
*Институт за македонска литература – Скопје*
*Универзитет Св. „Кирил и Методиј“ во Скопје*

Изданието *Македонскиот и српскиот роман на преминот во новиот милениум (споредбени аспекти)* произлезе како резултат од работата на истоимената меѓународна работилница, која, во организација на Институтот за македонска литература од Скопје и во партнерство со Институтот за книжевност и уметност од Белград, се одржа на 23 и на 24 октомври 2019 година во Белград. Централната оска на внимание во Зборникот е насочена кон книжевниот вид на романот, кој, според специфичниот уметнички идентитет, се воспријема како отворена порта за речиси сите познати облици на книжевниот израз. Во тој поглед Зборникот претставува природно надоврзување и продолжување на дискусијата за романот како „слика на светот“ во која, сфаќањата за уметноста се прекршуваат со доминантните текови во филозофијата и во хуманистичките науки што го обележаа минатиот век. Како не помалку битни фактори што ги поттикнуваа размислувањата на оваа тема можат да се посочат промените во начинот на мислење, во чувственоста и во начинот на живот што го одбележаа периодот на премин во дваесет и првиот век како резултат на глобализирачките процеси. Во поткрепа на изнесените стојалишта говорат и размислувањата на уредниците на Зборникот, проф. д-р Јасмина Мојсиева-Гушева од Институтот за македонска литература при УКИМ во Скопје и д-р Бојан Јовиќ од Институтот за книжевност и уметност од Белград: „...[П]оводот да се зафатиме со оваа тема, [е] да ги осознаеме насоките по кои се одвиваат новите тенденции во македонското и српското современо книжевно творештво во последниве децении, токму преку романот како најподатлива и најадекватна форма низ која успешно се согледуваат

сите подробности на современата реалност, кои потем прецизно се транспонираат во конкретно уметничко творештво со соодветни идејни и естетски вредности. Дополнителна причина поради која се зафативме со оваа тема е нејзината применливост во смисла на содржинската поставеност, која опфаќа размислувања што се однесуваат на: критиката на конзумирачкото општество, свесноста за еколошките проблеми, согледувањето на функцијата на глобализмот и постколонијализмот, истакнувањето на етничките и сексуалните идентитети, заложбите за маргинализираните групации, нагласувањето на носталгичноста и дезориентираноста во заемните односи меѓу книжевните протагонисти, со еден збор, теми блиски до нас и до нашето секојдневно живеење.“

Како особено важна карактеристика на изданието се издвојува неговата намера научно да ги презентира процесите на препознавање, прифаќање, вреднување и обмислување на рецентните книжевно-културни вредности, трендови и феномени во романескното творештво од двете средини според начелата на заемно, реципрочно и избалансирано толкување. Потврда за тоа се трудовите од седумнаесет угледни проучувачи на поетиката на современиот роман од РС Македонија и Србија, изведени според принципите на културолошката почит и интелектуалното љубопитство со кои пристапуваат кон промислување на современиот роман како општа и заедничка тема:

Јасмина Мојсиева-Гушева, *Флуидноста на новиот милениум (’Дваесет и првиот на Т. Османли‘ и ’Милениум во Белград‘ на В. Пиштало)*

Валентина Миронска-Христовска, *Преводната рецепција на македонскиот и српскиот роман во двете културни средини*

Лорета Георгиевска-Јаковлева, *Односот кон болеста во романите ’Дваесет четири ѕида‘ од Игор Маројевиќ и ‘Одбројување’ од Фросина Пармаковска*

Бојан Чолак, *Траума и наратив: Ото Хорват Сабо је стао*

Гоце Смилевски, *Белградскиот хронотоп во ’Insomnia‘ и ’Бледи сенки, далечни гласови‘од Димитрие Дурацовски*

Радомир Виденовиќ, *Миризмата на егзилот, миризмата на копнежот*

Игор Перишић, *Тројица Владимира (Арсенијевић, Кецмановић, Табашевић): постколонијална, транспостмодернистичка и постсоцијалистичка еманципација српског романа*

Соња Стојменска-Елзесер, *Моделот на роман-биографикција кај Владимир Пиштало и Гоце Смилевски*

Тијана Тропин *Несавршено сећање на смрт: историографска метапроза у савременом српском и македонском роману*

Жељко Милановиќ *Политичко-поетичка очекивања од савременог српског романа*

Ана Мартиноска, *Семејното насилство како тема во новиот македонски и српски роман*

Марија Грујиќ, *Историја и сексуалност у женском српском роману: ʼСтрах и његов слуга‘ Мирјане Новаковић и ʼКаја, Београд и добри Американац‘ Мирјане Ђурђевић*

Владимир Периќ *Окцидентализам у романескној прози српских и македонских писаца генерације ʼY‘: транзиција и идентитет*

Дарин Ангеловски, *Баснословното време на детството во романите ʼМаџун‘ од Влада Урошевиќ и ʼОчев нови мандат‘ од Слободан Мандиќ*

Анкица Вучковиќ, *Српски роман за децу у првој деценији XXI века*

Марко Аврамовиќ, *Емиграција и документи ʼСтаклени зид‘ Владимира Тасића*

Билјана Јоновска-Стефковска, *Љубовниот триаголник во романите ʼПрељубници‘ од Вида Огненовиќ и ʼОдбројување‘ од Фросина Пармаковска.*

Овие најнови и досега необјавени промислувања посветени на поетиката на македонскиот и на српскиот роман настојуваат да дадат одговор на различните интелектуални предизвици врз кои почива проучувањето на современата романескна продукција. Такви се суспецијалистичките прашања што го преиспитуваат карактерот, содржината и интензитетот на книжевната рецепција во различни средини, интеркултурните и интерлитерарните модалитети што ги обликуваат односите меѓу двете културни средини, како и потрагата и проучувањето на мотивско-тематските врски во современата македонска и во современата српска литература. Апликативниот и аналитичкиот аспект на Зборникот е сочинет од проучувањата на романескните остварувања на плејада современи автори од двете книжевни средини: Томислав Османли, Владимир Пиштало, Фросина Пармаковска, Игор Маројевиќ, Ото Хорват, Димитрие Дурацовски, Кица Колбе, Владимир Арсениевиќ, Владимир Табашевиќ, Владимир Кецмановиќ, Гоце Смилевски, Радослав Петковиќ, Венко Андоновски, Ѓорѓе Ќирјаниќ, Мирјана Новаковиќ, Мирјана Ѓурѓевиќ, Лана Басташиќ, Саша Савановиќ, Филип Грбиќ, Живко Гроздановски, Стефан Марковски, Сашо Димоски, Влада Урошевиќ, Слободан Мандиќ, Владимир Тасиќ, Вида Огњеновиќ и др.

Имајќи ја предвид не само тематската разнообразност, туку и актуелноста на мноштвото нови перспективи што ги отвораат посочените прилози, понуденото издание претставува не само

суштински придонес во интеркултурното согледување и проучување на македонската култура и литература, туку тој, едновремено претставува инспирација и поттик за идни продлабочени истражувања на духовните и на културните струења меѓу македонската и српската културна средина.